У-5.бр.347/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Дитурије Елези Незири - претседател на советот, Ана Герасимовска и Ељмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски - раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот АРИЉЕМЕТАЛ ДОО - Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-56/5 од 23.01.2020 година, за избор на најповолна понуда, на седницата одржана на 28.05.2020 година донесе

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот АРИЉЕМЕТАЛ ДОО - Скопје, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-56/5 од 23.01.2020 година, за избор на најповолна понуда, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-56/5 од 23.01.2020 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на тужителот изјавена против Одлуката за поништување на постапката бр.11-7/243 од 25.12.2019 година за Деловите 1, 2, 4, 5 и 6 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-7/243 од 25.12.2019 година за Дел 3, донесени по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.06254/2019 за набавка на стоки - завртки, наврткиi, подлошки, зегерови осигурувачи, расцепки, круннасти навртки, специјални завртки, нитни и стеги за челични јажиња, пружини (РЕК Битола) на договорниот орган АД за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост - Скопје - Подружница РЕК Битола.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-56/5 од 23.01.2020 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека во конкретниот случај договорниот орган не постапил по насоките од претходното Решение бр.09-790/5 од 19.11.2019 година на Државната комисија во кое се констатира дека договорниот орган извршил неправилна евалуација на понудите, додека во повторната евалуација сторил битни повреди на постапката по членот 141 став 2 точка 3 од Законот за јавните набавки. Појасни дека понудите на понудувачите МАРКАНТ, МЕТАЛ БИ и МЗТ ФАМ ПРОИНГ, во поглед на констатираните недостатоци се идентични, така што доколку договорниот орган во повторната постапка понудата на МАРКАНТ ја оценил како неприфатлива, нема логика да ја избере како најповолна понудата на МЗТ ФАМ ПРОИНГ. Понатаму наведе и дека во повторната евалуација, договорниот орган воопшто во Извештајот од спроведена постапка не ја утврдил способноста на понудувачите АРИЉЕМЕТАЛ - сега тужителот и МАРКАНТ, поточно воопшто нема податоци за способноста на овие

понудувачи, поради што постапено е спротивно на членот 109 ставови 2 и 3 од Законот за јавните набавки. На крај наведе и дека доколку сметал договорниот орган дека бараната Изјава не е согласна целосно со членот 88 став 1 од Законот за јавните набавки, требал од тужителот да побара ваквата изјава да ја дополни или појасни.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за управните спорови, и со Известување У-5.бр.347/2020 од 06.04.2020 година го повика економскиот оператор - МЗТ ФАМ ПРОИНГ ДООЕЛ - Скопје како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба во рок од 8 дена од денот на приемот, кое иако било уредно примено на 04.05.2020 година, до денот на одржаната седница не достави свој одговор.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган АД за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост - Скопје - Подружница РЕК Битола отпочнал постапка за јавна набавка со објавен Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.06254/2019 за набавка на стоки - завртки, навртки, подлошки, зегерови осигурувачи, расцепки, крунасти навртки, специјални завртки, нитни и стеги за челични јажиња, пружини (РЕК Битола), за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.11-7/243 од 13.08.2019 година, која постапка била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, набавката била делива на 6 дела, додека во однос на критериумите за утврдување на способност, договорнот орган користел стандардна тендерска документација, постапката се спроведувала во електронска форма која било предвидено да заврши со е-аукција како последна фаза од постапката, а како критериум за избор била определена најниската цена, а во Огласот и Тендерската документација од понудувачите било побарано да достават и Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (15%). До крајниот рок за поднесување на понудите пристигнале вкупно 5 понуди за што бил составен Записник од отварањето на понудите од 16.09.2019 година. Комисијата при договорниот орган извршила првична проверка на комплетноста и валидноста на понудите, по што оние понудувачи кои поднеле прифатливи понуди биле поканети на е-аукција, по чие завршување врз основа на генерираните извештаи за текот на е-аукцијата и Извештајот од спроведената постапка од 01.11.2019 година, до одговорното лице на договорниот орган бил даден предлог како најповолна за Делот 3 да биде избрана понудата на МЗТ ФАМ ПРОИНГ ДООЕЛ - Скопје, додека за Деловите 1, 2, 4, 5 и 6 дала предлог за поништување на постапката согласно членот 114 став 1 точка 2 од Законот за јавните набавки, од причини што не била поднесена ниту една прифатлива понуда, по што била донесена Одлуката за поништување на постапката бр.11-7/243 од 25.12.2019 година за Деловите 1, 2, 4, 5 и 6, како и Одлука за избор на најповолна понуда бр.11-7/243 од 25.12.2019 година за Дел 3 со која како најповолен понудувач бил избран МЗТ ФАМ ПРОИНГ ДООЕЛ - Скопје.

Против оваа одлука, економскиот оператор - сега тужителот АРИЉЕМЕТАЛ ДОО - Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-56/5 од 23.01.2020 година ја одбила како неоснована, од

причина што утврдила дека договорниот орган правилно ја спровел конкретната постапка за избор на најповолна понуда, целосно постапувајќи по насоките од претходно донесеното Решение бр.09-790/5 од 19.11.2019 година.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно членот 109 ставови 6 и 7 од Законот за јавни набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, така што неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил жалбата на економскиот оператор - сега тужителот АРИЉЕМЕТАЛ ДОО - Скопје, констатирајќи дека договорниот орган правилно ја спровел предметната постапка за избор на најповолна понуда, притоа постапувајќи по дадените насоки од претходното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки т.е. правилно одлучил кога со обжалената одлука извршил избор на најповолен понудувач за Делот 3, додека за останатите делови ја поништил постапката согласно членот 114 став 1 точка 2 од Законот за јавните набавки.

Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека договорниот орган постапувајќи по дадените насоки од претходното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-790/5 од 19.11.2019 година, извршил повторна евалуација на пристигнатите понуди посебно за секој дел, притоа утврдувајќи дека само за Делот 3 имало прифатлива понуда, односно понудата на избраниот понудувач, додека за останатите делови постапката ја поништил со образложение дека не била поднесена ниту една прифатлива понуда т.е. од пристигнатите понуди ниту една не ги исполнувала целосно условите и критериумите наведени во Тендерската документација.

Согласно членот 114 став 1 точка 2 од Законот за јавните набавки, договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка за што носи одлука за поништување на постапката доколку не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда.

Судот меѓу другото ги ценеше тужбените наводите на тужителот по однос на примената на членот 109 став 2 од Законот за јавните набавки, односно дека тужениот орган при проверката на комплетноста и валидноста на понудите за утврдување на способност на понудувачпите, требал да го повика тужителот да ги појасни и дополни документите за докажување на способност, но истите ги одби како неосновани, од причина што во таков случај би создала предност на тужителот во однос на останатите понудувачи.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управен суд на 28.05.2020 година, под У-5.бр.347/2020.

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител
- тужен орган
- заинтересирано лице

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
9
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

АГК/

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
1